Врз основа на членовите 1, 5, 12, 16, 17 и 18 од Законот за државните награди и Законот за изменување и дополнување на Законот за државните награди („Службен весник на РМ“ бр. 52/06, 54/07, 74/12, 99/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 98/19), Одборот за доделување на државната награда „Св. Климент Охридски“, на седницата одржана на 16.11.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**

за доделување на државната награда „Св. Климент Охридски“ за 2021 година за највисоко признание за долгогодишни остварувања во областа на воспитанието, образованието, културата, уметноста, здравството, заштитата и унапредувањето на човековата околина и во социјалната дејност од јавен интерес на Република Северна Македонија

1. Во областа на воспитанието и образованието наградата му се доделува на:

   – проф. д-р Ѓулумсер Касапи, универзитетски професор.

2. Во областа на културата и уметноста наградата им се доделува на:

   – Јован Павловски, писател
   – м-р Снежана Анастасова Чадиковска, музички уметник
   – Елена Дончева, академски сликар – костимограф.

3. Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето и ќе се објави во ,,Службен весник на РСМ“.

**Претседател на Одборот за државната награда**
**„Св. Климент Охридски“,**

**акад. Газанфер Бајрам**


Министерство за културана Република Северна Македонија
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ “ бр. 61, Скопје Република Северна
+389 23240 643
www.kultura.go